*Прва сесија*

**10:00-10.30** *Регистрација на учесниците*

**10:30-10:40** *Воведно излагање:*
**Малинка Ристевска Јорданова**, Директор, Институт за европска политика (ЕПИ)

**10:40-12:10** *Од челото до дното:* неуспех на условеноста на ЕУ во Македонија?

*Говорници:*

- **Флориан Бибер**, Центар за Југоисточни европски студии, Универзитет во Грац
- **Фатмир Бесими**, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања
- **Пратеник / ВМРО ДПМНЕ** (да се потврди)
- **Стево Пендаровски**, СДСМ

*Модератор:* **Симонида Кацарска**, ЕПИ

**12:10-12:45** Пауза
Прес корнер

*Тркалезна маса*

# ЕУ И АКТУЕЛНАТА ПОЛИТИЧКА КРИЗА ВО МАКЕДОНИЈА: ВЛИЈАНИЕ, ВКЛУЧЕНОСТ, ИЗГЛЕДИ

Датум:
30 март 2015 (понеделник)

Место:
Холидеј Ин Скопје, сала Милениум 1

*Втора сесија*

**12:45-14.15** Опциите за промени и можното ангажирање на ЕУ

*Говорници:*

- **Кристоф Бендер**, Европска иницијатива за стабилност
- **Никола Димитров**, Хашки институт за глобална правда
- **Н.Е. Ернесто Максимино Белели**, амбасадор на Република Италија во Република Македонија
- **Мерсел Билали**, Универзитетски професор

*Модератор:* **Александар Јованоски**, ЕПИ

**14:15-15:00** Коктел

EPI

THINK TANK FUND
SUPPORTING POLICY RESEARCH

## Цел

Целта на тркалезната маса е да поттикне отворена и конструктивна дебата помеѓу домашните и европските чинители околу можностите за надминување на актуелната политичка криза во Република Македонија.

Дебатата првенствено ќе се фокусира на интеракцијата помеѓу домашните и европските чинители во актуелната политичка криза во Република Македонија, остварливи модалитети и можности за влијание на ЕУ во оваа специфична ситуација.

## Позадина

Во доцните 90ти години, Македонија беше предводник на Процесот за стабилизација и асоцијација, откатко ги избегна конфликтите по распадот на поранешна Југославија. Етничкиот конфликт од 2001 година заврши со помош на меѓународно посредништво, со потпишувањето на Охридскиот рамковен договор, што резултираше со уставно редефинирање на поделбата на моќ помеѓу мнозинството етнички Македонци и немнозинските етнички Албанци и унапредување на правата на малцинствата. Помирувањето и спроведувањето на Охридскиот рамковен договор, како и спроведените демократски реформи, во голема мера поттикнати од евроинтеграциската перспектива, доведоа до доделување кандидатски статус за членство во ЕУ во 2005 година. Во 2008 година, Грција го блокираше членството на Македонија во НАТО поради спорот со името. Од истата причина, шесте препораки од Европската комисија во периодот 2009-2014 година, не резултираа со одлука на Советот за отпочнување на преговори за членство. Напорите за решавање на името остануваат бесплодни.

Во меѓувреме, забележливо е уназадување во однос на демократските стандарди, кое ескалираше во актуелната политичка криза. Последниот извештај на Европската комисија од 2014 година беше најкритичен досега, посочувајќи на ***„политичката култура на сè поголем раздор, растечката политизација и контролата на Владата врз државните институции и врз медиумите и сè уште кревката интеретничка состојба.“***

Политичката криза дополнително ескалира. Владата, предводена од ВМРО-ДПМНЕ, партија што е на власт веќе 9 години, во јануари 2015 година поднесе кривични пријави против четири лица, вклучително и лидерот на опозицијата,за обид за извршување кривично дело „насилство врз претставници на највисоките државни органи", во процесот наречен „Пуч". Процесот „Пуч" се базира на наводи за шпионажа за „странска служба". На 9 февруари 2015 година, опозициската партија СДСМ објави дека, според нејзини сознанија, Управата за безбедност и контраразузнавање незаконски прислушувала над 20000 граѓани и започна со јавно емитувањена прислушуваните разговори, првенствено оние во кои се вклучени министри и високи функционери. СДСМ покрена обвиненија против претседателот на Владата, министри и директорот на ДБК. На новинарите директно им беа врачени снимки од нивно прислушување.

По посетата на Комесарот Хан во февруари 2015, истражувајќи ги можностите за медијација на ЕУ, тој изјави дека Македонија се наоѓа во „длабока политичка криза", по што претседателот на Комисијата Јункер, ја откажа средбата со Премиерот Груевски.

Институциите на ЕУ и државите-членки, во своите реакции изразија „длабока загриженост" за ситуацијата, повикувајќи ги институциите за решавање на предметите на „фер и транспарентен начин".